РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ИЛИНДЕН
Арх. бр. 13 - 1179/12
31.08.2026 год.
СКОПЈЕ

Ф 8.5/4-6

# ОПШТИНА ИЛИНДЕН

Согласно член 107 став 13 и член 122 став 4 од Законот за животна средина (Службен весник на Република Македонија бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 461/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 192/15, 39/16, 28/18, 65/18, 99/18, 89/22, 171/22, 3/25 и 124/25) Градоначалникот на општина Илинден

О Б Ј А В У В А
Нацрт Б-Интегрирана еколошка дозвола
за Евро млекара дооел

Согласно член 99 и член 122 од Законот за животна средина (Службен весник на Република Македонија бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 461/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 192/15, 39/16, 28/18, 65/18, 99/18, 89/22, 171/22, 3/25 и 124/25) до Градоначалникот на Општина Илинден доставено е комплетно Барање за Б- Интегрирана еколошка дозвола (бр.13-1179/9).

Подносител на барањето: Евро млекара дооел Скопје

Адреса: ул. 34 бр.13 н.м.Илинден, Општина Илинден

Прилог 2, Точка 6.4 (в) Обработка и преработка на млеко, при што количеството на влезното млеко не надминува 200 t/ден (просечна вредност на годишна основа) од Уредбата за определување на активности на инсталации за кои се издава Б-Интегрирана еколошка дозвола односно Дозвола за усогласување со оперативен план („Сл. весник на РМ“ бр. 89/05).

Вид на активност: Преработка на млеко, со проектиран капацитет од 180т/ден.

Нацрт Дозволата во печатена форма, ќе биде достапна на заинтересираната јавност во **рок од 14 дена** по објава во дневниот печат, во просториите на:

Општина Илинден

Секој работен ден од 08 – 16:00 часот.

Контакт телефон: 02 2571-703

Ве информираме дека Нацрт Дозволата ќе биде достапна и во електронска форма, на официјалната web страница на Општина Илинден: www.ilinden.gov.mk.

Изработил:
Славица Милошевска
Контролирал:
Дејан Богдановски
Одобрил:
Тихомир Игњатовски

ОПШТИНА ИЛИНДЕН
Градоначалник
м-р Александар Георгиевски

# НАЦРТ
# Б-Интегрирана еколошка дозвола

**Име на компанијата**
**ЕВРО МЛЕКАРА дооел**

**адреса ул.34 бр.13 Илинден**

број на дозвола:

# содржина

Б интегрирана еколошка дозвола............................................ 1

Содржина ........................................................................................ ...... 2

Вовед.............................................................................................. ...... 3

Дозвола.......................................................................................... ...... 7

1 Инсталација за која се издава дозволата......................................... 8

2 Работа на инсталацијата....................................................................... 11
2.1.Техники на управување и контрола.................................................... 11
2.2 Суровини (вклучувајќи и вода)............................................................ 12
2.3 Ракување и складирање на отпадот.................................................... 13
2.4 Преработка и одлагање на отпадот.................................................... 16
2.5 Спречување и контрола на хаварии.................................................... 17
2.6.Мониторинг........................................................................................... 19
2.7.Престанок со работа............................................................................ 20
2.8.Инсталации со повеќе оператори......................................................... 20

3 Документација.......................................................................................... 21

4 Редовни извештаи................................................................................ 23

5 Известувања........................................................................................ ...... 24

6 Емисии..................................................................................................... ........ 25
6.1. Емисии во воздух.................................................................................. 25
6.2. Емисии во почва.................................................................................... 26
6.3.Емисии во вода (различни од емисиите во канализација)..................... 28
6.4.Емисии во канализација........................................................................ 29
6.5.Емисии на топлина................................................................................. 30
6.6.Емисии на бучава и вибрации............................................................... 30

7 Пренос до пречистителна станица за отпадни води................................ 32

8 Програма за подобрување........................................................................ 33

9 Договор за промени во пишана форма.............................................. .......... 36

Додаток 1............................................................................................ .......... 36

Додаток 2 ........................................................................................... 38

# Вовед

### Овие воведни белешки не се дел од дозволата

Следната дозвола е издадена согласно Законот за животна средина (Службен весник на Република Македонија бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 161/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 192/15, 39/16, 28/18, 65/18, 99/18, 89/22, 171/22, 3/25 и124/25) за работа на инсталацијата што извршува една или повеќе активности наведени во Уредбата за Определување на инсталации за кои се издава интегрирана еколошка дозвола со временски период за поднесување на оперативни планови„ до одобреното ниво во Дозволата.

Краток опис на инсталацијата регулирана со оваа дозвола
Евро Млекара Дооел, Скопје е инсталација за преработка на сурово млеко при што се добиваат различни видови на млечни производи како што се: пастеризирано свежо млеко со различна содржина на млечна маст, UHT млеко со различна содржина на млечна маст и додатоци, киселомлечни производи со различна содржина на млечна маст и додатоци.
Евро Млекара дооел,, со ЕМБС 6763855 е регистрирана на 29.02.2012 година во Централен регистер на Република Македонија ( Извод од централен регистер), и истата е правен наследник на млекара Балканска млекара дооел.

Инсталацијата се наоѓа надвор од населено место, во стопански комплекс Илинден, лоцирана во непосредна близина на автопатот Скопје-Куманово. Инсталацијата е лоцирана на следните парцели: КП 829/2 КО Илинден место викано Карагач која опфаќа површина од 17.421 m2, а вкупната квадратура на објектите изнесува 7245 м2.
Објектот е поставен во централниот дел од парцелата со севро-јужна ориентација. На северната страна на локацијата се наоѓа пристапниот пат и објект на Логистичко дистрибутивен центар на КАМ. На јужната страна локацијата граничи со реципиент – Ободен канал каде што предметната инсталација ја испушта отпадната вода со предходен предтретман. На источната страна во непосредна близина е пристапниот пат, а веднаш до него објект на Сервис за моторни возила, а на западната страна се граничи со празна парцела. Во близина на млекарата нема објекти за домување. Објектите се сместени во централната позиција на локацијата и околу нив површината е асфалтирана што претставува бариера од било какво излевање на течности во околната средина, а исто така има и голем паркинг простор за оставање на возилата на вработените и посетителите со портирница во која секогаш претстојува чуварска служба.

Локацијата на која се врши основната дејност според географската местоположба е на 42°00'12.2" северна геогравска ширина 21°34'36.4" источна геогравска должина.

Евро млекара се состои од неколку засебни објекти. Главниот објект се состои од приземје и кат. Приземниот дел е наменет за производство и пропратни простории додека катниот дел е наменет за администрација. Енергетскиот блок е поврзан со енергетски мост на начин што обезбедува рационална врска за водење на сите инсталации кон и од производниот дел.

1. Администрација
2. Преточилница/истовар на сурово млеко
3. Производство (приземен дел)
4. Платформа за танкови за млеко
5. Енергетски блок
6. Пречистителна станица за отпадни води
7. Две портирници

| **Други интегрирани дозволи поврзани со оваа инсталација** | | |
|---|---|---|
| Сопственик на дозволата | број на дозвола | дата на издавање |
| Б интегрирана еколошка дозвола | 09-1399 | 15.04.2013 |
| Обнава на Б интегрирана еколошка дозвола | [illegible] | [illegible] |

| **заменети дозволи/согласности/овластувања поврзани со оваа инсталација** | | |
|---|---|---|
| сопственик | референтен број | дата на издавање |
| нема | / | / |

## Комуникација

Доколку сакате да контактирате со надлеженото лице за работите од областа на животната средина (во понатамошниот текст Надлежниот орган) во врска со оваа дозвола, Ве молиме наведете го Бројот на дозволата.

За било каква комуникација, контактирајте го Надлежното лице во Општина Илинден на адреса: ул.9 бр.38 Илинден.

## Доверливост

Дозволата го обврзува Операторот да доставува податоци до Надлежниот орган. Надлежниот орган ќе ги стави податоците во општинските регистри, согласно потребите на Законот за животна средина. Доколку Операторот смета дека било кои од обезбедените податоци се деловно доверливи, може да се обрати до Надлежниот орган да ги изземе истите од регистарот, согласно Законот за животна средина. За да и овозможи на Надлежниот орган да определи дали податоците се деловно доверливи, Операторот треба истите јасно да ги дефинира и да наведе јасни и прецизни причини поради кои бара изземање. Операторот може да наведе кои документи или делови од нив ги смета за деловно или индустриски доверливи, согласно Законот за животна средина, чл.55 ст. 2, точка 4. Операторот ќе ја наведе причината поради која Надлежниот орган треба да одобри доверливост. Податоците и причината за доверливост треба да бидат приложени кон барањето за интегрирана еколошка дозвола во посебен плик.

## Промени во дозволата

Оваа дозвола може да се менува во согласност со Законот за животна средина.

Доколку дозволата овластува изведување на посебни активности од областа на управувањето со отпад, тогаш е потребно да се приложи уверение за положен стручен испит за управител со отпад за лицето задолжено за таа активност.

Преглед на барани и доставени документи

| **Предмет** | **датум** | **коментар** |
|---|---|---|
| Барање бр.1179 | 05.05.2026 | / |
| известување за дополна | 14.05.2026 | / |
| налог за плаќање на | 14.05.2026 | / |

| | | |
|---|---|---|
| надоместок | | |
| Барање за продолжување на рок | 21.05.2026 | / |
| ургенција | 04.06.2026 | / |
| Дополна на барање | 15.06.2026 | / |
| Известување за посета | 22.06.2026 | / |
| заклучок | 01.07.2026 | / |
| достава | 27.07.2026 | / |
| објава на Барање | 29.07.2026 | Објава во Нова Македонија и на веб страна |
| достава на Нацрт Б интегрирана еколошка дозвола | | достава |

Нацрт Дозвола

Закон за животна средина

Нацрт Дозвола

Број на Нацрт Дозвола

(бр._________)

Надлежниот орган за животна средина во рамките на својата надлежност во согласност со член 95 од Законот за животна средина („Службен весник на Р.М.“бр.53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/2015, 39/16, 99/18, 89/22, 171/22, 3/25 и 124/25), го овластува

Име на компанијата "Евро Млекара дооел"

Со регистрирано седиште на
адреса ул.34 бр.13, Илинден
поштенски број, град 1041 Илинден, Скопје
држава Р.Македонија

број на регистрација на компанијата 6763855

да раководи со инсталацијата,

Цело име на инсталацијата : Друштво за трговија и услуги Евро Млекара дооел

во рамките на дозволата и условите во неа.

Потпис

**Градоначалник на Општина Илинден**

**м-р Александар Георгиевски**

Датум

# Услови

## 1 Инсталација за која се издава дозволата

1.1. Операторот е овластен да изведува активности и/или поврзани активности наведени во Табела 1.1.

| **Табела** 1.1. | | |
|---|---|---|
| Активност од Анекс 2 од У Р Е Д Б А за определување на активностите на инсталациите за кои се издава интегрирана еколошка дозвола односно дозвола за усогласување со оперативен план и временски распоред за поднесување на барање за дозвола за усогласување со оперативен план | **Опис на наведената активност** | **Граници на наведената активност** |
| Прилог 2<br>6.4 обработка и преработка на млеко, при што количеството на влезното млеко не надминува 200 тони/ден | производство млечни производи | 180тони/ден |

1.2. Активностите овластени во условите 1.1. ќе се одвиваат само во границите на локацијата прикажана во Табела 1.2.

| Табела 1.2 | |
|---|---|
| Документ | место во документацијата |
| Барање за Б-интегрирана еколошка дозвола бр.13-1179/9 | Имотен лист |




Мапа на инсталацијата

1.3 Оваа Дозвола е само за потребите на ИСКЗ според Законот за животната средина (Службен Весник на РМ бр.53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 461/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/2015, 39/16, 99/18, 89/22, 171/22, 3/25 и 124/25) и ништо во оваа Дозвола не го ослободува Операторот од обврските за исполнување на условите и барањата од други закони и подзаконски акти.

1.4. По добивање на Б-интегрираната еколошка дозвола, Операторот е должен да го плати годишниот надомест за поседување на Б интегрираната еколошка дозволата, за период за кој ја поседува. Годишниот надомест Операторот ќе го плаќа во текот на календарската година.

1.5. Инсталацијата ќе работи, ќе се контролира, ќе се одржува и емисиите ќе бидат такви како што е наведено во оваа

Дозвола. Сите програми кои треба да се извршат стануваат дел од оваа Дозвола.

1.6. Инсталацијата не смее да работи над капацитетот наведен во барањето без согласност и писмено одобрение на Надлежниот орган.

1.7. Операторот се задолжува редовно да врши мерења на емисии и истите да ги достави до Надлежниот орган ( Додаток 2 , Табела Д2)

1.8. Во случај да постои ризик од хаварија и во случај на хаварија , Операторот најитно ќе изврши испитувања на почвата, подземните води и водите за евентуално загадување.

• начинот и операциите за складирање на отпадот,
• видот на отпадот со негово место на складирање,
• постапка за работа,
• постапки за итни случаеви,
• мерки за издвојување на отпадот,
• план за заштита од пожари,
• простор за складирање на пакување за отпад, односно празни пластични буриња,
• предвиден максимален капацитет за секое место од локацијата, и знаци за опасност на секое место на локацијата и соодветните карактеристики на складираниот отпад.

1.9. Б-интегрираната еколошка дозвола има важност од 7 години. Истата подлежи на ревизија доколку има потреба условите зададени во неа ќе се изменат.

1.10. Најдоцна 1 година пред истекот на важноста на дозволата Операторот е должен да поднесе ново Барање за обновување на дозволата.

# 2. Работа на инсталацијата

## 2.1. Техники на управување и контрола

2.1.1. Инсталацијата за која се издава Дозволата, согласно условите во Дозволата ќе биде управувана и контролирана онака како што е опишано во Барањето за дозвола за ИСКЗ, или на друг начин договорен со Надлежниот орган во писмена форма.

2.1.2. Во инсталацијата има поставено менаџер со соодветно квалификувано и со соодветно работно искуство кој е назначен како одговорно лице. Менаџерот на инсталацијата или некое друго номинирано лице со соодветни квалификации и искуство, во улога на заменик, ќе биде присутен во инсталацијата во секое време во текот на работотата на инсталацијата или како што е поинаку назначено од страна на Надлежниот орган.

2.1.3. Копија од оваа Дозвола, како и оние делови од барањето кои се земени во предвид во оваа Дозвола ќе бидат во секое време достапни за секој вработен кој ја извршува работата на која се однесуваат некои од барањата на Дозволата.

2.1.4. Целиот персонал ќе биде целосно запознаен со оние услови од Дозволата, кои се однесуваат на нивните обврски и ќе им биде обезбедена соодветна обука и пишани инструкции за работа, со цел да помогнат во извршување на нивните обврски.

2.1.5. Назначеното лице кое ќе биде одговорно за прашање од животната средина кое ќе биде соодветно обучено и ќе врши обука на останатиот персонал.

2.1.6. Операторот ќе достави копија од оваа Дозвола до секој вработен чии должности се поврзани со некои услови на оваа дозвола.

2.1.7. Операторот ќе воспостави и ќе одржува процедури за идентификување на потребите од обука и за обезбедување на соодветна обука за целиот персонал чија работа може да има значително влијание врз животната средина. Операторот е должен да чува записи од одржаните обуки.

2.1.8. Операторот ќе воспостави програма за подигање на јавната свест и обука на вработениот персонал за да се обезбеди дека јавноста може да добие информации во врска со состојбата на животната средина од Операторот во секое време.

2.1.9. Операторот ќе воспостави и одржува програма за одржување на целата фабрика и соодветна придружната опрема која ќе има ефект врз состојбата на животната средина, врз основа на инструкциите кои се издадени од страна на производителите/добавувачите или инсталаторите на опремата. Операторот јасно ќе ја алоцира одговорноста за планирање, управување и извршување на сите аспекти од оваа програма на соодветните вработени лица.

2.1.10. Операторот ќе воспостави процедури за да се обезбеди превземање на корективни мерки доколку специфицираните барања од дозволата не се исполнети. Во процедурите ќе се дефинираат одговорноста и овластувањето за иницирање на понатамошна истрага и корективни активности во случај на пријавени прекршувања.

2.1.11. Операторот ќе води Регистар на белешки за заштита и сигурност на сите суровини кои ги користи во инсталацијата.

## 2.2. Суровини (вклучувајќи и вода)

2.2.1. Операторот, согласно со условите во дозволата, ќе користи суровини (вклучувајќи и вода) онака како што е опишано во документите наведни во табела 2.2.1, или на друг начин договорен со Надлежниот орган во писмена форма.

| Табела 2.2.1 : Суровини (вклучувајќи и вода) | | |
|---|---|---|
| **опис** | **документ** | **дата кога е применено** |
| Листа на суровини | барање за Б интегрирана еколошка дозвола 13-1179/9 (Глава 4) | 27.07.2026 г |
| Основни суровини (млеко) | барање за Б интегрирана еколошка дозвола 13-1179/9 | 27.07.2026 |
| Помошни материјали | (Глава 4) | 27.07.2026 |
| прехрамбени конзерванси | барање за Б интегрирана еколошка дозвола 13-1179/9 | 27.07.2026 |

| | | |
|---|---|---|
| Горива (количина на горива и начин на чување) | барање за Б интегрирана еколошка дозвола 13-1179/9 | 27.07.2026 |
| Детали за суровини, меѓупроизводи, производи , итн. Поврзани со процесите, а кои се употребуваат или се создадени на локацијата | (Глава 4) | 27.07.2026 |
| Суровини, помошни материјали, други супстанции и енергии употребени или произведени во инсталацијата | барање за Б интегрирана еколошка дозвола 13-1179/9 | 27.07.2026 |

2.2.2. Операторот ќе обезбеди безбедно чување на суровините и ќе се грижи за безбедноста на складиштата.

2.2.3. Сите суровини ќе бидат јасно означени за да се знае нивната содржина.

2.2.4. Операторот на секои 12 (дванаесет) месеци ќе врши ревизија на количеството на употребена вода во инсталацијата со цел да ги идентификува начините за поефикасно користење на истата.

2.2.5. Операторот ќе го известува Надлежниот орган за животна средина за секоја промена на суровините кои ги користи надвор од оние кои се наведени во барањето.

2.2.6. Операторот ќе направи преглед на ефикасноста на употребата на суровини во сите процеси, со особено внимание на намалувањето на создавањето отпад. Утврдувањето ќе се базира на најдобрите меѓународни искуства за овој вид на активност. Онаму каде што се идентификувани можни подобрувања, ќе се инкорпорираат во распоредот на цели и задачи за животната средина.

## 2.3. Ракување и складирање на отпадот

2.3.1. Операторот, согласно условите во дозволата, ќе ракува и ќе го складира отпадот онака како што е опишано во документите наведени во Табела 2.3.1., или на друг начин договорен со надлежниот орган во писмена форма.

| Табела 2.3.1 : Ракување и складирање на отпадот | | |
|---|---|---|
| **опис** | **Документ** | **Дата кога е применo** |
| комунален отпад | Барање за Б интегрирана еколошка дозвола бр. 09-1179/9 Глава 5 | 27.07.2026г |
| Пакување од хартија и картон | Барање за Б интегрирана еколошка дозвола бр. 09-1179/9 Глава 5 | 27.07.2026г |
| пакување од пластика | Барање за Б интегрирана еколошка дозвола бр. 09-1179/9 Глава 5 | 27.07.2026г |
| Пакување метал (Метални цилиндри) | Барање за Б интегрирана еколошка дозвола бр. 09-1179/9 Глава 5 | 27.07.2026г |
| Друг отпад (Пластични буриња од хемикалии) | Барање за Б интегрирана еколошка дозвола бр. 09-1179/9 Глава 5 | 27.07.2026г |
| Материјали несоодветни за консумирање или преработка (млечни производи со поминат рок од готов производ , оштетени и сл.) | Барање за Б интегрирана еколошка дозвола бр. 09-1179/9 Глава 5 | 27.07.2026г |
| Стакло (Отпад од хемиска лабораторија (стаклени шишиња) | Барање за Б интегрирана еколошка дозвола бр. 09-1179/9 Глава 5 | 27.07.2026г |
| Отпад од пластика Цврст отпад од микробиолошка лабараторија (стерилизирани пластични чашки) | Барање за Б интегрирана еколошка дозвола бр. 09-1179/9 Глава 5 | 27.07.2026г |
| Минерални хлотирани моторни и трансмисиони масла и масла за подмачкување | Барање за Б интегрирана еколошка дозвола бр. 09-1179/9 Глава 5 | 27.07.2026г |
| Мил од третирање на отпадни води на местото каде што се создаваат (Мил од пречистителна станица) | Барање за Б интегрирана еколошка дозвола бр. 09-1179/9 Глава 5 | 27.07.2026г |
| Мил од септичка јама | Барање за Б интегрирана еколошка дозвола бр. 09-1179/9 Глава 5 | 27.07.2026г |

| **Табела 2.3.2 : отпад складиран на самата локација** | | | |
|---|---|---|---|
| **опис на отпадот** | **место на складирање на самата локација** | **начин на складирање** | **услови на складирање** |
| | | | |
| | | | |
| | | | |
| | | | |
| | | | |

2.3.2. Операторот ќе обезбеди дека отпадот, пред да се пренесе на друго лице, соодветно ќе се спакува и ќе се означи согласно националните, Европските и било кои други стандарди кои се на сила во врска со таквото означување.

2.3.3. Операторот ќе врши ракување и складирање на отпадот (неопасен и опасен) согласно Законот за управување со отпад.

2.3.4. Отпадот да се категоризира согласно Листата на видови на отпад (Сл. Весник на РМ, бр. 100/2005), јасно да се означи, соодветно да се оддели и складира во определени места, соодветно заштитени од прелевање и истекување.

2.3.5. На Операторот му се забранува да го меша опасниот отпад од една категорија со опасен отпад од друга категорија или со било каков друг неопасен отпад.

2.3.6. На внатрешната патна мрежа и работниот простор нема да има отпадоци. Во рамкитите на работните процедури, операторот ќе вклучи чистење на локацијата и елиминиација на изворите на отпадоци.

2.3.7. Надвор од локацијата, во непосредна близина, не смее да има отпад по потекло од операторот.

2.3.8. Доколку количините на отпад ја надминат количина на неопасен отпад од 150 тони годишно или 200 килограми опасен отпад согласно Законот за управување со отпад, Операторот ќе изготви Програма за управување со отпад и истата ќе ја доставува до Надлежниот орган до 30 Септември во тековната година и Годишен извештај за спроведување на своите програми најдоцна до 31 јануари, за програмата од претходната година.

2.3.9. Операторот ќе ги обновува договорите со овластени компании за подигнување на сите видови отпад.

2.3.10. Операторот ќе го известува надлежниот орган за било каква промена во однос на количините, видовите на отпад и било каква промена во Договорите за подигнување на отпад.

2.3.11. Операторот е должен да доставува до Надлежниот орган формулари за евиденција и идентификација на отпадот кој се создава и предава при вршење на дејноста.

## 2.4. Преработка и одлагање на отпад

2.4.1. Операторот, согласно условите во дозволата, ќе го преработува или одлага отпадот како што е опишано во документите наведени во Табела 2.4.1., или на друг начин договорен во писмена форма со Надлежниот орган.

| Табела 2.4.1 : преработка и одлагање на отпадот | | |
|---|---|---|
| **Опис** | **документ** | **дата кога е применo** |
| Цврст и течен отпад | барање за Б интегрирана еколошка дозвола 13-1179/9 Глава 5 | 27.07.2026 г |

2.4.2. Во границите на инсталацијата смее да се одлага исклучиво инертен отпад.

2.4.3. Отстранувањето или рециклирањето на отпадот на самата локација ќе се одвива само во согласност со условите од оваа Дозвола и во согласност со соодветната национална и европска легислатива и протоколи.

2.4.4. Транспортот на отпадот ќе се врши само од локацијата на активноста до локацијата на рециклирање/отстранување, на начин кој нема негативно да влијае врз животната средина и е во согласност со соодветната национална и европска легислатива и протоколи.

2.4.5. Комуналниот отпад, како и сите видови на отпад кои што се генерираат во инсталацијата, континуирано да бидат отстранети од кругот на инсталацијата во согласност со соодветната национална и европска легислатива како и протоколи.

2.4.6. Се забранува оставање, фрлање, напуштање, спалување или неконтролирано отстранување на отпадот.

2.4.7. Операторот е должен да води евиденција за опасниот отпад во согласност со Законот за управување со отпад.

2.4.8. Операторот ќе изврши испитување на карактеристиките на опасниот отпад, од страна на овластено акредиторано правно лице.

2.4.9. За отпадот кој е наменет за транспорт, Оперантоторот ќе издава идентификационен формулар и кон него ќе приложи извештај за карактеристиките на отпадот.

2.4.10. За активностите кои се поврзани со операции за управување со отпад на локацијата ќе се води целокупна евиденција, која ќе биде достапна за инспекција од страна на овластени лица на Надлежниот орган во секое време. Оваа евиденција треба да содржи минимум од следниве детали:

· Имиња на превземачите и транспортерите на отпад

· Името на лицата кои се одговорни за крајното одлагање/рециклирање на отпадот.

· Крајна дестинација на отпадот.

2.4.11. Писмена потврда од приемот и одлагањето/ рециклирањето на отпадот за било какви опасни материи кои се пратени надвор од локацијата.

Тонажи и МКо Код за отпадните материи

2.4.12. Отпадоците создадени во инсталацијата, како минимум, ќе бидат земени и анализирани таму каде што е тоа можно. Дополнителни примероци ќе бидат земени и тестирани во случај на:

• Промена на дестинацијата на отстранување или рециклирање на отпадот;

• Сомнеж дека составот на отпадот е променет така што избраната маршута на отпадот не е повеќе соодветна. Копиии од овие анализи ќе бидат испратени до Надлежниот орган. Методите на анализите ќе бидат пријавени на Надлежниот орган во рок од 1 (еден) месец од датумот на издавањето на оваа Дозвола или при секое менување на методите.

2.4.13. Операторот ќе направи преглед на ефикасноста на употребата на суровини во сите процеси, со особено внимание на намалувањето на создавањето отпад. Утврдувањето ќе се базира на најдобрите меѓународни искуства за овој вид на активност. Онаму каде што се идентификувани можни подобрувања, ќе се инкорпорираат во распоредот на цели и задачи за животната средина.

## 2.5. Спречување и контрола на хаварии

2.5.1. Операторот, согласно со условите во дозволата, ќе ги спречи и ограничи последиците од хаварии, онака како што е опишано во документите наведени во Табела 2.5.1 или на друг начин писмено договорен со Надлежен орган.

| Табела 2.5.1 спречување и контрола на хаварии | | |
|---|---|---|
| Опис | Документ | Дата |
| Спречување хаварии и реагирање во итни случаи | Барање за добивање Б интегрирана еколошка Дозвола, (13-1179/9) Глава XIII | 27.07.2026г |

2.5.2. Операторот, согласно условите ќе изготви документ во кој ќе биде содржана неговата политика за спречување на хаварии и ќе обезбеди истата соодветно да се применува. Политиката за спречување на хаварии ќе биде така дизајнирана да гарантира високо ниво на заштита на луѓето и животната средина со помош на соодветни средства, структури и системи на управување.

2.5.3. Операторот ќе изврши проценка на ризикот со цел да определи дали инсталацијата има потреба од постројка за задржување на водата користена против пожари.

2.5.4. Во случај да постои значителен ризик од испуштање на контаминирана вода, Операторот треба, врз основа на наодите од проценката на ризикот да подготви и спроведе, во согласност со Надлежниот орган, соодветна Програма за управување со ризици. Програмата за управување со ризици комплетно ќе се спроведе во рок од 12 (дванаесет) месеци од датумот на известувањето од страна на Надлежниот орган.

2.5.5. Врз основа на Процедурата за однесување во итни случаи, Операторот треба да изготви План за постапување во итни случаи во кој точно ќе бидат дефинирани сите инциденти кои може да се случат на постројката, влијанието на инцидентот врз здравјето на луѓето и животната средина како и начинот на постапување во при секој одделен инцидент.

2.5.6. Операторот е должен за настаната хаварија Веднаш да го извести надлежниот орган и органот на државната управа надлежна за работите од областа на животната средина и да му ги достави следниве податоци:

- Околности во кои се случила хаваријата,
- Присутни опасни супстанции за време и после хаваријата,
- Податоци потребни за проценување на последиците по здравјето на луѓето и по животната средина, до кои дошло како резултат на хаварија
- Да идентификува и постави мерки за да се избегне повторно случување на несреќата
- Идентификува и постави било какви други активности за санација
- Превземени вонредни мерки

2.5.7. Операторот е должен за предвидените активности и мерки за безбедност, како и за начинот на постапување во случај на хаварија, да ги информира лицата на кои би влијаела хаваријата

2.5.8. Операторот ќе ги анализира и проверува мерките за безбедност на секои 3 години и истите ќе дозволи да бидат достапни до јавноста

2.5.9. Операторот треба да достави Предлог за подобрување до Надлежниот орган во рок од еден месец од несреќата која се случила или на друг начин договорен со Надлежниот орган. Предлогот има за цел да:

- Идентификува и постави мерки за да се избегне повторно случување на несреќата и
- Идентификува и постави било какви други активности за санација.

## 2.6. Мониторинг

2.6.1. Операторот, согласно условите во дозволата, ќе изведува мониторинг, ќе го анализира и резервира истиот како што е опишано во документите наведени во Табела 2.6.1, или на друг начин договорен со надлежниот орган.

| | Табела 2.6.1 : Мониторинг | | |
|---|---|---|---|
| **параметар** | **фреквенција** | **точки на мониториг** | **метод** |
| Отпадна вода од пречистителна станица | 4 x годишно | излез од пречистителна станица | согласно важечките методи и законската регулатива |
| Хемиски штетности што се емитираат во атмосфера од котелска просторија | 2 x годишно | испуст од котлара | согласно важечките методи и законската регулатива |
| бучава | 1 x годишно | на граници на инсталацијата | согласно важечката метода за анализа |

2.6.2. Оператор ќе обезбеди:

2.6.2.1. Безбеден и постојан пристап до мерните места, за да овозможи земањето примероци/мониторинг да биде изведено во релација со точките на емисија наведени во Додаток 2, освен ако не е поинаку наведено во Додатокот, и

2.6.2.2. Безбеден пристап до другите точки на земање на примероци/мониторинг, кога тоа ќе го побара Надлежниот орган.

2.6.3. Методите кои ќе се користат за мониторинг на емисиите во воздухот ќе бидат одобрени од страна на Надлежниот Орган и во согласност со законската регулатива.

2.6.5. Земањето примероци и анализите на параметрите од отпадната вода после пречистителната станица ќе се врши согласно Законските и подзаконските акти на РМ.

2.6.6. Фреквенцијата, методите и обемот на мониторингот, земањето примероци и анализата може да се изменат во согласност со Надлежниот орган, по претходна евалуација на резултатите од извршеното тестирање.

2.6.7. За она што не е опфатено со претходните точки од 2.6.1 Мониторинг, операторот ќе се придржува кон НДТ за мониторинг на емисиите, НДТ за мониторинг на животната средина (надвор од инсталацијата) и НДТ за стандардите за мониторинг.

2.6.8. На оние места каде можноста за мерење на параметарот е под влијание на мешање пред емисија, тогаш во согласност со Надлежниот орган, параметарот може да се оцени пред да се случи мешањето.

### 2.7. Престанок со работа

2.7.1. Операторот, согласно со условите во дозволата, ќе обезбеди услови за престанок на работата Операторот, согласно со условите во дозволата, ќе обезбеди услови за престанок на работата на инсталацијата како што е опишано во документите наведени во Табела 2.7.1. или на друг начин договорен со Надлежниот орган написмено.

| **Табела 2.7.1 : Престанок на работа** | | |
|---|---|---|
| **Опис** | **Документ** | **дата кога е применo** |
| Ремедијација, престанок со работа, повторно започнување со работа и грижа по престанок на активностите. | Барање | 27.07.2026 г |

### 2.8. Инсталации со повеќе оператори

2.8.1. Со инсталацијата за која се издава дозволата управува само еден оператор, или оваа дозвола е валидна само за оние делови од инсталацијата што се означени на мапата во делот 1.1.2. од оваа дозвола.

# 3. Документација

## 3.1.1. Документација ќе содржи податоци за:

А. Секоја неисправност, дефект или престанок со работа на постројката, опремата или техниките (вклучувајќи краткотрајни и долготрајни мерки за поправка) што може да може да има, имало или ќе има влијание на перформансите за животна средина што се однесуваат на инсталацијата за која се издава дозволата. Овие записи ќе бидат чувани во дневник воден за таа цел.

б. Целиот спроведен мониторинг и земањето примероци и сите примероци и сите проценки и оценки направени на основа на тие податоци.

3.1.2. Документацијата од 3.1.2. ќе биде достапна за инспекција од страна на надлежниот орган во било кое пристојно време. Копија од било кој специфичен или друг документ ќе му биде доставен на надлежниот орган на негово барање и без надокнада.

3.1.3. Специфицираните и другите документи треба

- Да бидат читливи;
- Да бидат направени што е можно побрзо
- Да ги вклучат сите дополнувања и сите оригинални документи кои можат да се приложат;

3.1.4. Операторот е должен специфицираната и другата документација да ја чува најмалку пет години вклучувајќи го и престанокот со работа на инсталацијата.

3.1.5. За целиот примен и создаден отпад во инсталацијата за која што се издава дозволата, операторот ќе има документација(и ќе ја чува најмалку пет години вклучувајќи го и престанокот со работа на инсталацијата) за:

- Составот на отпадот, или онаму каде што е можно, опис;
- Најдобра проценка на количината на создаден отпад;
- Трасата на транспортот на отпадот за одлагање
- Најдобра проценка на количината на отпад испратен на преработка.
- имиња на лице/фирми задолжена за транспорт како и детали околу добиената дозвола за собирање и транспорт на отпад
- детали за крајната дестинација на одложување/рециклирање на отпадот и нејзината соодветност за прифаќање на уоатениот отпад

- писмена потврда за прифаќање и одлагање/преработка на опасниот отпад кој е испратен надвор од локацијата.
- количина и означување на типови на отпад кои се рециклираат или одложуваат на локацијата според Листата на видови на отпад (Сл.весник на РМ 100/05)

3.1.6. Операторот на инсталацијата за која што се издава дозволата ќе направи записник, доколку постојат жалби или тврдења за нејзино влијание врз животната средина. Во записникот треба да стои датум и време на жалбата, како и кратко резиме доколку имала било каква истрага по таа основа и резултати од истата. Таквите записи треба да се чуваат во дневникот за таа цел.

3.1.7. Операторот е должен да ги чува следниве документи и при увид на Овластените инспектори за животна средина истите ќе им ги достави на увид :

- Дозволи поврзани со инсталацијата
- Записи од сите прибирања на примероци за анализи, мерења, испитувања, калибрирања и одржување кое е извршено во согласност со барањата на оваа Дозвола и целиот мониторинг кој се поврзува со перформансите во однос на животната околина на инсталацијата.
- Целата кореспонденција со Надлежниот орган.

3.1.8. Операторот ќе води записи за секој инцидент. Овој запис треба да вклучува детали за природата, обемот и влијанието на инцидентот, како и причините што довеле до него. Евиденцијата треба да ги вклучува и превземените корективни мерки за да е управува со инцидентот, да се минимизира генерираниот отпад и ефектот врз животната средина и да се избегне негово повторно случување. Операторот треба во најкраток можен рок да го извести надлежниот орган за инцидентот и да му поднесе евиденција за истиот.

3.1.9. Во случај на користење на опасни супстанции во инсталацијата, (член 5 од Правилникот за опасни супстанции, гранични вредности-прагови за присуство на опасните супстанции и критериумите или својствата според кои супстанцијата се класифицира како опасна – Службен Весник на РМ бр.25/10), операторот е должен да изготви План за вонредни состојби, согласно член 154 од Законот за животна средина.

# 4. Редовни извештаи

4.1.1. Сите извештаи и известувања што ги бара оваа дозвола операторот ќе ги испраќа до надлежниот орган за животна средина.

4.1.2. Операторот ќе даде извештај за параметрите од Табела Д2 до Додаток 2:

А. Во однос на наведетите емисиони точки

Б. За периодите за кои се однесуваат извештаите наведени во Табела Д2 од Додаток 2 и за обликот и содржината на формуларите, операторот и надлежниот орган ќе се договорат за време на преговорите;

В. Давањето на податоци за вакви резултати и проценки како што може да биде барано од страна на формуларите наведени во тие Табели

г. Испраќање на извештаите до Надлежниот орган во рок наведен во Табела Д2 во Додатокот 2

д. сите извештаи ќе бидат потпишани од страна на назначено овластено лице од инсталацијата.

# 5. Известувања

5.1.1. Операторот ќе го извести Надлежниот орган без одложување:

а. Кога ќе забележи емисија на некоја супстанција која го надминува лимитот или критериумот на оваа дозвола, наведен во врска со таа супстанција;

б. Кога ќе забележи фугитивна емисија што предизвикала или може да предизвика загадување, освен ако емитираната количина е многу мала да не може да предизвика загадување;

в. Кога ќе забележи некаква неисправност, дефект или престанок на работата на постројката или техниките, што предизвикало или има потенцијал да предизвика загадување; и

г. Било какво несакано дејство што предизвикало или има потенцијал да предизвика загадување.

5.1.2. Операторот ќе даде писмено известување што е можно побрзо, за секое од следниве ситуации:

А. Перманентен престанок на работата на било кој дел или на целата инсталација за која се издава дозволата

Б. Престанок на работата на дел или на целата инсталација за која се издава дозволата, со можност да биде подолго од 1 година

В. Повторно стартување на работата на некој дел или на целата инсталација за кој што се издава дозволата, по престанокот со известување според 5.1.3 (б)

5.1.3. Операторот ќе даде писмено известување во рок од 14 дена пред нивното појавување, за следниве работи:

а. Било каква промена на трговското име на Операторот, регистрирано или адреса на регистрираната канцеларија;

б. Промена на податоците за холдинг компанијата на операторот (вклучувајќи и податоци за холдинг компанијата кога операторот станува дел од неа)

в. За активностите кога операторот оди во стечај, склучува доброволен договор или е оштетен.

# 6. Емисии

## 6.1. Емисии во воздух

6.1.1. Емисиите во воздухот од точката(ите) на емисија наведени во Табела 6.1.1. ќе потекнат само од извор(и) наведен(и) во таа Табела.

| **Табела 6.1.1 : Емисиони точки во воздух** | | |
|---|---|---|
| **Ознака на точка на емисија/опис** | **Извор** | **локација на точката на емисија** |
| емисии од котелска постројка котел 1 | котелска постројка | N:42.003054 E:21.575437 |
| емиисии од котелска постројка котел 2 | котелска постројка | N:42.003079 E:21.575386 |

6.1.2. Операторот ќе врши мониторинг на параметрите наведени во Табела 6.1.2. и 6.1.3. на точките на емисии и фреквенциите наведени во табелата, а согласно Правилникот за граничните вредности за дозволените нивоа на емисии и видови на загадувачки супстанции во отпадните гасови и пареи кои ги имитираат стационарните извори во воздух.(Сл.весник на РСМ бр. 114/10 и 223/19)

| табела 6.1.2.Граници на емисии во воздух | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| параметри | датум | испуст од парен котел | | | | фреквенција на монитринг |
| котел 1 | | mg/m3 | mg/m3 | ГВЕ mg/m3 | емитир. колин(kg/h) | |
| јаглерод моноксид(CO) | | / | / | 170 | / | два пати годишно |
| сулфур двооксид(SO2) | | | | 1700 | / | два пати годишно |
| азотни оксиди изразени како (NO2) | | | | 350 | / | два пати годишно |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| гасовити неоргански соединенија на флуор (HF) | | | | 5 | / | два пати годишно |
| гасовити неоргански соединенија на хлор (HCl) | | | | 30 | / | два пати годишно |
| прашина | | | | 100 | / | два пати годишно |
| чаден број | | | | 1 | | |
| | | | | | | |
| параметри | датум | испуст од парен котел 2 | | | | фреквенција на монитринг |
| котел 2 | | mg/m3 | mg/m3 | ГВЕ | емитир. колин(kg/h) | |
| јаглерод моноксид(CO) | | / | / | 170 | / | два пати годишно |
| сулфур двооксид(SO2) | | | | 1700 | / | два пати годишно |
| азотни оксиди изразени како (NO2) | | | | 350 | / | два пати годишно |
| гасовити неоргански соединенија на флуор (HF) | | | | 5 | / | два пати годишно |
| гасовити неоргански соединенија на хлор (HCl) | | | | 30 | / | два пати годишно |
| прашина | | | | 100 | / | два пати годишно |
| чаден број | | | | 1 | | два пати годишно |

6.1.3. Топлинските губитоци во отпадниот гас се 10%

6.1.4. Волуменскиот удел на кислородот е 3%

6.1.5. Емисиите од инсталацијата не треба да содржат нападен мирис надвор од границите на инсталацијата,

6.1.6. Емисиите не треба да содржат видлив чад. Ако, поради причината на одржување, емисиите на чад се предизвикани од повторно стартување од ладно, истото не треба да трае подолго од 20 минути во било кој период од 8 часовни и сите практични чекори треба да се преземат да се минимизира емисијата.

6.1.7. Операторот редовно ќе ги одржува и чисти димоводните канали согласно Правилник за одржување во исправна состојба на оџаците, димоводните уреди, системите за воздух, системите за воздушно и водено греење, огништа-котли за парно греење во објекти, како и во индустриски и занаетчиски постројки (Службен Весник на РМ бр.146/10).

6.1.8. Од инсталацијата нема да има фугитивни емисии во воздух

6.1.9. ГВЕ при согорување во ложишта на течни горива со топлинска моќност на огништето од 1 до 50MW се дадени во Табела 6.1.2.

6.1.10. Граничните вредности на емисиите во атмосферата во оваа дозвола треба да се интерпретираат на следниот начин:

- Ниту една 24 часовна средна вредност не смее да ја надмине граничната вредност на емисијата
- Методологијата која се применува е во склад со Правилникот за ГВЕ.

6.1.11. Емисиите од инсталацијата не треба да содржат нападен мирис надвор од границите на инсталацијата.

6.1.12. Емисиите во воздухот, освен пареа и кондензирана водена пареа, не треба да содржат капки од перзистентна магла и перзизтентен чад.

6.1.13. во случај на дефект или на расипување на опремата за прочистување на отпадните гасови и пареи. операторот ќе ја намали или ќе ја прекине работата ако оспособувањето за нормална работа не се постигне во рок од 24 часа

## 6.2. Емисии во почва

6.2.1. Нема да има емисии во почвата.

6.2.2. Операторот ќе извести за секоја непредвидена емисија во почвата.

## 6.3. Емисии во вода (различни од емисиите во канализација)

6.3.1. Емисии во вода од точка(и) на емисија наведени во Табела 6.3..1 ќе потекнуваат само од извор(ите) наведени во таа Табела.

| **Табела 6.3.1 : Точки на емисија во вода** | | |
|---|---|---|
| **Ознака на точка на емисија** | **Извор** | **Количество** |
| координати N:42°00'12'' E:21°34'30'' | Пречистителна станица за отпадни води | 9м$^3$/час |

6.3.2. Тињата од Пречистената отпадна технолошка вода се носи во собирна јама која е изградена во согласност со техничките барања и прописи за ваков тип на градби.

6.3.3. Течниот отпад врз основа на склучен договор се презема со специјални цистерни.

6.3.4. Испуштањето на отпадните води ќе се врши согласно законската регулатива.

| **Табела 6.3.2** | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Параметар | Изразен и како | Единица | Гранична вредност за испуштање во површинските води | Гранична вредност за испуштање во канализационен систем |
| ОПШТИ ПОКАЗАТЕЛИ | | | | |
| 1.Температура | ˚C | ˚C | 30 | 40 |
| 2.pH | | pH | 6,5-9,0 | 6,5-9,5 |
| 3.Суспендирани честички | | mg/l | 35 | - |
| 4.Талог | | mg/l | 0,3 | 20 |
| ОРГАНСКИ ПОКАЗАТЕЛИ | | | | |
| 5. БПК 5 (а) | $O_2$ | mg/l | 25 | - |
| 6.ХПК | $O_2$ | mg/l | 125 | - |
| 7.тешкоразградливи липофилни честички | | mg/l | 20 | 150 |
| 8.Апсорбилни органски халогени | | mg/l | 0,1 | 0,5 |
| АНОРГАНСКИ ПОКАЗАТЕЛИ | | mg/l | | |
| 9.Хлор вкупен | | mg/l | 0,4 | 0,4 |
| 10. вкупен азот | | mg/l | 10(б) | - |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 11.Амониум | | mg/l | 10 | (в) |
| 12.Фосфор вкупен | | mg/l | 2 | - |

6.3.5. Не смее да има емисии во вода од страна на инсталацијата за која се издава дозволата, на било која супстанција пропишана за вода за која нема дадено граници во Табела 6.3.2.

6.3.6. Согласно член 78 од законот за води операторот потребно е да поседува Дозвола за испуштање.

6.3.7. Операторот ќе земе примероци и ќе врши мониторинг на местото на испустот најмалку 4 пати годишно и на барање на Надлежен орган.

6.3.8. Операторот ќе го извести надлежниот орган за секоја непредвидена емисија во површинските води.

## 6.4. Емисии во канализација

6.4.1. Емисии во канализација од точките на емисија наведени во Табела 6.4.1.ќе потекнуваат само од изворите наведени во таа Табела.

| **Табела 6.4.1 : Точки на емисија во канализација** | | |
|---|---|---|
| **ознака на точката на емисија** | **Извор** | **канализација** |
| | | |
| | | |

6.4.2. Границите на емисиите во канализација за параметарот (рите) и точките на емисија поставени во Табела 6.4.2. нема да бидат пречекорени во соодветниот временски период.

6.4.3. Временските периоди од 6.4.2 соодветствуваат на оние од прифатената програма за подобрување од поглавје 8 од оваа дозвола.

| **Табела 6.4.2 Граници на емисии во канализација** | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Параметар** | **точка на емисија** | | **Точка на емисија** | | **Фреквенција на мониторинг** |
| | до (датум) | од (датум) | до (датум) | од(датум) | |
| | Вредност | Вредност | Вредност | Вредност | |
| | | | | | |
| | | | | | |

6.4.4. Операторот ќе врши мониторинг на параметрите наведени во табела 6.4.3.а и 6.4.3.б, на точките на емисија и не поретко од наведенотот во таа Табелата.

6.5. Операторот е должен со почетокот на работата да врши мерења на отпадната вода на параметри и фрекфенција на анализи онака како што ке биде пропишана во Дозволата за испуштање на отпадна индустриска вода согласно Законот за води член 79 (Сл. Весник на РМ. Бр.87/08)

6.6. Не смее да има емисии во вода од страна на инсталацијата за која се издава дозволата, на било која супстанција пропишана за која нема дадено граници во Табела 6, освен за концентрации кои не се поголеми од оние кои веќе ги има во водата.

## 6.7. Емисии на топлина

6.7.1. Нема термално испуштање кое ќе влијае врз животната средина.

## 6.8. Емисии на бучава и вибрации

6.8.1. Емисиите на бучава од локацијата на инсталацијата треба да бидат во согласност со стандардите пропишани во важечката законска регулатива Одлуката за утврдување во кои случаи се смета дека е нарушен мирот на граѓаните од штетна бучава (Сл.весник на РМ бр.1/09), правилникот за локациите на мерните станици и мерните места (Сл.весник на РМ бр.12/08) и Правилникот за граничните вредности на нивото на бучавата во животната средина (Сл.весник на РМ бр. 147/08),табела 6.6.1.

| Табела 6.6.2. Емисии на бучава | | | |
|---|---|---|---|
| степен на заштита од бучава | преку ден | преку ноќ | се однесува |
| III степен | 70 | 60 | постоечка локација |

6.8.2. Операторот ќе врши преглед на бучавата на локацијата еднаш годишно.

6.8.3. Емисиите на бучавата нема да ја надминат границата од 70 db (преку ден) и 60 db (преку ноќ) надвор од локацијата на инсталацијата согласно пропишаната граница на дозволена бучавост од Одлуката за утврдување во кои случаеви се смета дека е нарушен мирот на граѓаните од штетна бучава (Службен весник на Република Македонија бр. 1 /09 ).

## 7. Пренос до пречистителна станица за отпадни води

Системот за пречистување на отпадните води е во форма на базен кој се состои од следните компоненти:

- Пумпна станица;
- Drum (барабан) ситест филтер;
- Реактор за мешање и балансирање;
- Биореактор;
- Секундарно бистрење (седиментација);
- Адсорпционен регенерациски реактор (АРР);
- Флотација; и
- Интермедијарни пумпни системи.

Отпадната вода до пречистителната станица се доведува со помош на **пумпната станица**.

Квалитетот на отпадните води од CIP постројката се следат со помош на сонди. Во моментот кога сондите детектираат ниски концентрации на параметрите кои се следат, отпадните води се испуштаат.

# 8. Програма за подобрување

8.1.1. Операторот ќе ги спроведе договорените мерки наведени во Табела 8.1.1. заклучно со датумот наведен во таа табела ќе ги спроведе договорените мерки наведени вво Табела 8.1.1., заклучно со датумот наведен во таа табела и ќе испрати писмено известување до Надлежниот орган за датумот кога било комплетирана секоја мерка, во рок од 14 дена од завршувањењето на мерките.

| **Tabela 8.1.1 : Програма за подобрување** | | |
|---|---|---|
| **ознака** | **мерка** | **датум на завршување** |
| 1 | Намалување на емисии во воздухот со хортикултурно уредување на дворната површина со обновување на тревникот и засадување на зимземени садници | Октомври 2027 година |
| 2. | Намалување на емисии во воздухот Сервисирање на возилата ќе се врши надвор од кругот | Континуирана активност |
| 3 | Намалување на емисии во воздухот Оптимизација на транспортните рути и намалување на непотребното работење на моторите во место. | Континуирана активност |
| 4. | Намалување на потрошувачката на вода со подобрување на технолошкиот процес кој ќе биде со мали загуби и помала потрошувачка на вода, Замена на регулациони вентили | Април 2028 година |
| 5 | Подигнување на свеста за рационално користење на водата и избегнување непотребна потрошувачка. | Континуирана активност |
| 6 | Намалување на емисии во површински води со ангажирање на овластена компанија која ќе врши редовно сервисирање на пречистителна станица со цел подобрување на квалитетот на отпадната вода од излез одпрочистителсна станица | Април 2027 година |
| 7 | За чистење и миење на просториите и садовите за складирање на млеко и млечни производи ќе се користат еколошки средства | Континуирана активност |
| 8 | Намалување на потрошувачката на електрична енергија со замена на постоечките светилки со ЛЕД и воведување систем за осветлување на канделабрите | Март 2028 година |
| 9 | Исклучување на опремата кога не се користи | Континуирана активност |
| 10 | Инсталирање мерни уреди и редовна анализа на потрошувачката за навремено откривање на неефикасности и непотребни загуби. | Март 2028 година |
| 11 | Намалување на количината отпад со поставување на дополнителни садови за одложувње на отпад: пластика, хаартија, картон | Април 2027 година |
| 12 | Оптимизација на производниот процес - Рационално користење на суровините и намалување на загубите при прием, складирање и преработка на млекото.<br>Прецизно планирање на производството - Усогласување на производството со потребите на пазарот за да се намали создавањето на неупотребливи или производи со истечен рок.<br>Селекција на отпадот на местото на создавање - Одделно собирање на хартија, картон, пластика, метал, стакло и биоразградлив отпад за полесна рециклажа и повторна употреба.<br>Едукација на вработените - Обука за правилно ракување со суровините, производите и отпадот со цел намалување на непотребните загуби.<br>Водење евиденција за создадениот отпад - Следење на количините и видовите отпад со цел идентификување на можностите за негово понатамошно намалување. | Континуирана активност |
| 13 | Подобрување на енергетска ефикасност со поставување на внатрешна изолација на работни простории | Мај 2030 година |

| | | |
|---|---|---|
| 14 | Намалување на бучава со набавка на понова опрема (клима комори за свеж воздух компресори и клима уреди) | Април 2027 година |
| 15 | Детална анализа на причистителна станица | Ноември 2026 година |
| 16 | Оптимизација на работата на пречистителната станица преку прилагодување на оперативни параметри | Јуни 2027 година |
| 17 | набавка и инсталација на дополнителна опрема за подобрување на процесот на отстранување на азот и фосфор | декември 2027 година |

# 9. Договор за промени во пишана форма

9.1.1. Кога својството (или како што е договорено написмено) се користи во услов на дозволата, операторот ќе бара таков договор на следниот начин:

а. Операторот ќе му даде на надлежниот орган писмено известување за деталите на предложената промена, означувајќи го релевентиот(те) делови од оваа дозвола; и

б. Ваквото известување ќе вклучува проценка на можните влијанија на предложената промена(вклучувајќи и создавање на отпад) како ризик за животната средина од страна на инсталацијата за која се издава дозволата.

9.1.2. Секоја промена предложена според условот 10.1.1. и договорена писмено со Надлежниот орган, може да се имплементира само откако операторот му даде на Надлежниот орган претходно писмено известување за датата на импламентација на промената. Почнувајќи од тој датум, операторот ќе ја управува инсталацијата согласно таа промена и за секој релевантен документ што се однесува на тоа дозволата ќе мора да се дополнува.

# 10. Додаток 1

10.1. Писмена потврда за условот 5.1.1.(известување), согласно условот 5.1.2. Овој додаток ги прикажува информациите што операторот треба да ги достави до Надлежниот орган за да го задоволи условот 5.1.2 од оваа дозвола.

Мерните единици користени во податоците прикажани во делот А и Б треба да бидат соодветни на условите на емисијата.

Онаму каде што е можно, да се направи споредба на реалната емисија и дозволените граници на емисијата.

Ако некоја информација се смета за деловно доверлива, треба да биде одделена од оние што не се доверливи, поднесена од одделен лист заедно со барање за комерцијална доверливост во согласност со законот за животна средина.

Потврдата треба да содржи:

Дел А

- ☐ Име на операторот
- ☐ број на дозволата
- ☐ локација на инсталацијата
- ☐ датум на доставување на податоци

☐ време, датум и локација на емисијата

☐ карактеристики и детали на емитираната(ите) супатанција(и), треба да вклучува

☐ најдобра проценка на количина или интензитетот на емисијата и времето кога се случила емисијата

☐ медиум на животната средина на кој што се однесува емисијата;

☐ преземени или планирани мерки за стопирање на емисијата.

Дел Б

☐ други попрецизни податоци за предметот известен во делот А

☐ преземени или планирани мерки за спречување за повторно појавување на истиот проблем

☐ преземени или планирани мерки за исправување, лимитирање или спречување на загадувањето или штетата на животната средина што може да се случи како резултат на емисијата.

☐ датуми на сите известувања од делот А за време на претходните 24 месеци.

☐ Име ☐ пошта

☐ потпис ☐ датум

☐ изјава дека потпишаниот е овластен да потпишува во име на операторот.

# 11. Додаток 2 Извештаи за податоци на мониторингот

## 11.1. Параметрите за кои извештаите ќе бидат направени, согласно со условите 4.1.2. од оваа дозвола, се наведени подолу.

| **Табела Д2: Извештаи за податоци за мониторингот** | | | |
|---|---|---|---|
| параметар | точка на емисија | период на давање извештаи | почеток на периодот |
| Мониторинг на емисии во атмосфера | котел 1 и котел 2 | двапати годишно | април<br>Октомври |
| мониторинг на емисии во вода | ММ1 | четирипати годишно | јануари<br>април<br>јули<br>октомври |
| мониторинг на емисии во бучава | на 4 точки | еднаш годишно | октомври |
| Евиденција на инциденти | На место на инцидентот | Во рок од 24 часа од настанот на инцидентот | Во рок од 24 часа од настанот на инцидентот |
| доколку се констатира деа концентрациите на емисиите ги надминуваат границите или постои сомнеж,на барање на Надлежниот орган бројот на анализите во тековната година ќе се интензивира. | | | |